WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

Март, 2013 година

**ДО: Сите заинтересирани страни**

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот Пречистен текст на Општите Условите за доброволно здравствено осигурување е врз основа на претходно извршено усогласување на постојниот текст на Условите со Законот за доброволно здравствено осигурување, при што:

- Во членот 6 се брише ставот 4, а ставот 5 станува став 4.
- Членот 7 се менува и гласи:
*"Осигурувачот ќе организира и ќе ги спроведува следните видови на доброволно здравствено осигурување:*
*- дополнително здравствено осигурување со кое се покриваат трошоците на здравствените услуги, лекови, медицински помагала, имплтанти, односно парични надомести на име учество со лични средства при користење на здравствените услуги од задолжителното здравствено осигурување согласно Законот, односно за разликата над износот опфатен со правата од задолжителното здравствено осигурување;*
*- право на поголем содржај, обем и стандард на здравствени услуги наспроти оние што се опфатени со задолженото здравствено осигурување;*
*- паричен надомест во висина за разликата од износот на надоместокот опфатен со задолжителното здравствено осигурување, за услуги во и надвор од Република Македонија, во земји кои имаат склучено договор за соработка со Фондот за здравствено осигурување во РМ;*
*- Приватно здравствено осигурување е осигурување на лица кои се опфатени со системот на задолжителното здравствено осигурување, или кои не се вклучени во истото, за покривање на трошоци за вид, содржина, обем и права кои се договараат со друштвото односно се вклучени во полисата за осигурување и за нив важат посебните услови за осигурување.“*

- Членот 8 се менува и гласи:
*"Договорот за осигурување се склучува на неодредена или одредено време на траење, но најмалку на 12 месеци, од денот на почеток на осигурувањето, освен доколку со Законот за доброволно здравствено осигурување не биде поинаку уредено или со друг подзаконски акт.*
*Договорот за приватно здравствено осигурување не може да се договори на период пократок од 12(дванесет) месеци.*
*Осигурувањето почнува да тече со истекот на 24:00 часот на денот кој е наведен во полисата за осигурвање као ден на почеток на доброволното здравствено осигурување и е платено премија односно рата од премијата.*
*Осигурувањето престанува со истекот на 24:00 часот во денот кој во полисата е наведен како ден на истечување на осигурувањето.“*

Со почит,
**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

КОНТАКТ ЦЕНТАР 02 / 15 999
Винер Осигурување Вистински избор за Вас
Ул. Владимир Комаров 11А | 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел: +389 (0)2 32 31 631 | Факс: +389 (0)2 32 31 632
Е-пошта: winner@winner.mk
www.winner.mk